# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2018

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

# СОДРЖИНА

I. ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ....5
II. РЕГУЛАТОРНА РАМКА....7
II.1. Царинска регулатива....7
II.2. Акцизи....7
III. ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА....9
III.1. Усогласување со европското законодавство и развој на административниот капацитет согласно стандардите на Европската унија....9
IV. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА....12
IV.1. Обуки и стручно оспособување....14
IV.2. Области на обуки кои редовно се одржуваа во текот на 2018-та година....14
IV.3. Е-учење....15
IV.4. Интегритет....16
V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ....18
V.1. Услови за спроведување на царинските формалности....18
V.2. е-Царина....19
V.2.1. Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)....19
V.2.2. EXIM....23
V.2.3. Обработени царински декларации....23
V.3. Овластен економски оператор....24
VI. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ....27

# СОДРЖИНА

VII. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ....28
VII.1. Царинска и друга контрола....28
VII.2. Заштита на права од интелектуална сопственост....37
VII.3. Царинска лабораторија....37
VII.4 Кривични пријави....38
VII.5. Учество во меѓународни операции....39
VIII.ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА....39
VIII.1.Односи со јавноста....39
VIII.1.1. Позначајни настани....40
VIII.1.2.1.Меѓународна соработка....42
VIII.2.2. Билатерални средби....43
VIII.3.2. Соработка со бизнис заедницата....46
VIII.3.3. Промоција на концептот Овластен економски оператор....47
VIII.3.4. Потпишани меморандуми за соработка....48
VIII.4. Интернет....49
VIII.5. Отворена царинска телефонска линија (197)....49

# ВИЗИЈА

**ДА БИДЕМЕ ВОДЕЧКА ЦАРИНСКА УПРАВА ВО РЕГИОНОТ, КОЈА ЌЕ ДАВА СИЛНА ПОДДРШКА ВО ЛЕГАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И КОЈА ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО УСОГЛАСЕНА СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА**




# МИСИЈА

**ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ И ОПШТЕСТВОТО, ИСТОВРЕМЕНО ПОДДРЖУВАЈЌИ ГО И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ПРЕКУ СОРАБОТКА, ОЛЕСНУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА**



# I. ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ



Почитувани,

Насочени кон визијата која ја поставивме пред себе - да бидеме водечка Царинска управа во регионот според највисоките Европски стандарди, а истовремено доследни на заштитата на финансиските интереси и општеството, и минатата  година продолживме со засилено темпо во насока на целосна интеграција кон Европската Унија, поддржувајќи го економскиот развој преку соработка, олеснување и модернизација.

Продолживме со усогласување на националното царинското законодавство со легислативата на Европската Унија и негова примена. Во таа насока, наши приоритети изминатата година беа активностите поврзани со олеснување на трговијата, обезбедување на поедноставени царински постапки за економските оператори и воведување на статусот на Овластен економски оператор - концепт кој се заснова на партнерство помеѓу Царината и бизнис заедницата.

Горди сме што преку низа обуки и семинари за запознавање со оваа меѓународно призната мерка за квалитет, овозможивме бизнис заедницата да ја препознае придобивката од овој концепт. Како резултат на тоа, во 2018 година две компании веќе се стекнаа со статус на Овластен економски оператор, а за уште неколку постапката е во тек. Како показател на зголемената доверба со бизнис заедницата, почна да се применува законската измена за намалување на казните за сторени прекршоци за 50%.
Изготвивме предлог за нов закон за акцизи, којшто е усогласен со европското акцизно законодавство и се очекува да стапи на сила во втората половина на 2019-та година.
Реализирани се и неколку поголеми проекти финасирани од фондовите на Европската Унија. На неодамна модернизираниот граничен премин Табановце, со средства од ИПА фондовите и ставен во употреба во мај 2018 година, во септември 2018 година го најавивме почетокот на проектот за заеднички гранични контроли при едно запирање (One Stop Shop) со Република Србија. Со тоа Коридорот 10 ќе биде поатрактивен и поефикасен за извоз, увоз и транзит на стоки. На граничниот премин Ќафасан е изграден нов терминал со објекти за царинење и спроведување на инспекциски контроли. Во насока на засилување на капацитетите за контрола при царинење, царинската лабораторија доби нова, модерна и пософистицирана опрема.

Изминатата година Царинската управа започна ново поглавје во своето работење - беше финализиран развојот на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) кој ќе го замени досегашниот систем АСИКУДА. Со тоа, сите царински постапки што досега се реализираа на хартија ќе бидат заменети со електронски постапки. Со имплементацијата на новиот систем, кој претставува предуслов за понатамошно развивање на дигиталните решенија и услуги, значително ќе се поедностави работата на царинските службеници, граничните агенции и за сите учесници во царинската и адворешно-трговската постапка и ќе се креира поефикасна и модерна царинска околина во согласност со глобалниот развој и дигиталната ера. Новиот систем ќе функционира во една интегрирана целина со постоечките системи и е основа за воспоставување на интерконективност и интероперабилност со системите на Европската Унија, која не очекува во иднина.
Не помалку важно е да напоменам дека воведовме и ќе продолжиме да применуваме високи стандарди за интегритет во насока на зголемување на ефективноста, ефикасноста и доверливоста на вработените, и се приклучивме кон светскиот тренд на доживотно учење со континуирано одржување на професионални обуки. На нашата веб страна од неодамна се достапни курсеви за електронско учење за сите најважни аспекти на царинското работење, усогласни со програмата за електронско учење на Европската комисија.

Со задоволство и гордо можам да заклучам дека во годината што измина постигнавме голем напредок и ја модернизиравме нашата Царинска управа. Голема благодарност и признание на сите помагачи, соработници и вработени во Царинската управа за нивната поддршка, професионалност, посветеност и ентузијазам при реализацијата на поставените цели, а постигнатите резултати ќе бидат поттик за понатамошна вредна работа и постигнување на уште поголеми успеси.

Ви благодарам,

**м-р Ѓоко Танасоски**
Директор

# II. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## II.1. Царинска регулатива

Со цел поедноставување на царинските постапки, намалување на трошоците на економските оператори и зајакнување на домашната економија, во 2018 година Царинската управа интензивно спроведуваше активности во насока на подобрување на царинското законодавство преку:

### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНСКИ ОСНОВИ ЗА КОНЦЕПТОТ НА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

**Закон за ратификација на дополнителниот протокол 5 на договорот за ЦЕФТА**
Со овој Протокол предвидено е меѓусебно признавање на националните овластени економски оператори на секоја ЦЕФТА страна, значително се подобрува протокот на стоки и трговската размена во регионот, со трети пазари, а особено со пазарите на Европската Унија.
**Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон во делот на ОЕО е усогласен со европската легислатива.** Се утврдуваат поблиските критериуми за стекнување на статусот ОЕО, поволностите за компаниите и начинот на одобрување и издавање на одобрение.

### НАМАЛЕНИ КАЗНИ ЗА СТОРЕНИ ПРЕКРШОЦИ

Со направените измени и дополнувања на Законот за Царинската управа и Царинскиот закон, донесени во август 2018 година, за поголемиот број царински прекршоци, се напушти дотогашниот принцип на изрекување глоби со мандатен платен налог и се воведе издавање на прекршочен платен налог.

- казните се намалија за **50%**
- можност за активно учество во постапка пред Комисијата која одлучува по прекршоци за натамошна правна заштита пред Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, како и правна заштита пред управните судови.

## II.2. Акцизи

Изготвен е нов Закон за акцизи усогласен со акцизното законодавство на ЕУ, кој се очекува да стапи на сила во втората половина на 2019 година.

При поготовката  на Законот, земени се предвид согледувањата и размислувањата на бизнис заедницата:

- тутунските производители и увозници,
- енергетскиот сектор,
- земјоделските производители и
- малите производители на пиво и алкохолни пијалоци.






# III. ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Земјите членки на Европската унија се дел од Царинската унија и следат исти царински правила и постапки. Ова бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување, примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.

## III.1. Усогласување со европското законодавство и развој на административниот капацитет согласно стандардите на Европската унија

### ИПА ПРОЕКТИ

| Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан (ИПА 2013) | • Изградба на објектите за царинење и инспекциски органи;<br>• Нов царински терминал од 9,5 илјади м2;<br>• Пристапни патишта; |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската Управа (ИПА 2013) | - Понатамошно усогласување на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ;<br>- Зголемување на ефикасноста при откривање и спречување на царински измами преку поефикасни и таргетирани контроли;<br>- Засилување на капацитетите за контроли по царинење и примена на современи лабораториски методи и средства;<br>- Олеснување на трговијата преку усовршување на анализата на ризик согласно добрите практитки и стандардите на ЕУ;<br>- Нова опрема за царинска лабораторија.<br><br>Проектот е во тек и се очекува да заврши до крајот на 2019 година. |

## Планирани проекти

| | |
|---|---|
| Програма за реформа на Управувањето со јавни финансии ИПА 2 | - Подобрување на квалитетот на царинските постапки - Твининг проект;<br>- Подобрување на квалитетот на царинските контроли и борба против измами и недозволена трговија со стока;<br>- Набавка на софистицирана опрема;<br>- Воспоставување Центар за опоравување од катастрофи;<br>- Набавка на ИКТ опрема;<br>- Нов систем за контроли и истраги и нов Податочен Склад (Data WareHouse) |
| Планирани проекти на ИКТ системи за имплементација на интерконективност и интероперабилност со системите на ЕУ | - Надградба на NCTS системот;<br>- Изработка на Систем за регистрација и идентификација на економските оператори ЕОРИ;<br>- Изработка на Автоматизиран извозен систем АИС; |
| Планирани проекти со финансии од заем од Светска банка | - Изработка на нов Национален Single Window Систем (NSW);<br>- Нов систем за видео надзор;<br>- Инфраструктурно подобрување на гранични премини; |

## ПРОГРАМА ЦАРИНА 2020 - Програма на Европската комисија

53 службеници учествувале на 29 настани (обуки, семинари и работилници)

- Во рамки на Програмата на Заедницата ЦАРИНА 2020 во текот на 2018 година, царинските службеници континуирано учествуваа во бројни активности во насока на јакнење на административниот и оперативен капацитет на Царинската управа, преку размена на експертиза, знаење и искуства со европските земји.
- Преку програмата ЦАРИНА 2020 продолжи примената на веќе поставениот комуникацискиот јазол ЗКМ/ЗСП (CCN/CSI) воспоставен за потребите на поврзувањето со европските системи.

## ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ

Од 1 јануари 2019 година Република Северна Македонија е претседавач со Заедничкиот Комитет за Конвенцијата за заеднички транзит

- Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка.
- Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.

**Обработени се 84.659 царински декларации во заедничката транзитна постапка (ЕУ и ЕФТА)**

**Примени се вкупно 33.950 транзитни движења во кои нашите испостави се одредишни испостави**

**Транзитирале вкупно 45.281 транзитни движења во кои нашите испостави се транзитни испостави**



Стратешкиот пристап во развојот на човечките ресурси Царинската управа го има трасирано врз принципот на управување со компетенции, кои треба да бидат издвоени, препознаени, уважени, постојано надоградувани и одржувани на високо понапредно ниво.

Барањата за потребна стручност и професионализам се менуваат и налагаат прилагодување и модернизирање без застој, кои се диктирани меѓу другото и од законските измени, воведувањето на електронско царинско работење и проширените современи потреби на корисниците на царинските услуги.

## Структура на вработените вкупно 1.119 вработени




## Вработени според стручна подготовка





## IV.1. Обуки и стручно оспособување

Воспоставениот систем на обуки е дефиниран според сегашните и идни потреби на Царинската управа како организација, но и потребите на вработените. Целта на стручното оспособување е да ја подобри работната изведба не само кај царинските службеници, туку и кај вработените од раководно ниво кои имаат клучна улога во исполнувањето на поставените цели, особено во донесување на одлуки кои ќе бидат транспарентни и ќе поддржат униформна примена на законите, а во истовреме процесите на модернизирација и развој на Царинската управа ќе се одвиваат со запазен задржан чекор.

**Реализирани се 286 активности за стручно оспособување за 1.959 царински службеници**

→

**За еден вработен во просек се обезбедени обуки со времетраење од околу 20 часа и 46 минути.**

## IV.2. Области на обуки кои редовно се одржуваа во текот на 2018-та година:

| Царинско законодавство и царински постапки | Истраги, разузнавање и управување со ризик | Обуки поврзани со јакнење на човечки ресурси |
|---|---|---|
| 445 царински службеници | 124 царински службеници | 720 царински службеници |

## IV.3. Е- учење

Електронско учење е алатка за зголемување на оперативниот капацитет на Царинската управа и дел од Дигиталната Агенда на Владата на Република Северна Македонија  која треба да придонесе за зголемување на стручноста и компетенциите на сите учесници во царинската постапка.

На веб страната на Царинската управа достапни се 17 курсеви за царинското законодавство и царинските постапки (увоз, извоз, транзит). Овие курсеви се наменети за сите царинските службеници, но и за деловната заедница и ќе им овозможат да се стекнат со потребните знаења за еднообразна примена на царинските постапки и правилно утврдување на вредноста и потеклото на стоките.




**Достапни се 17 курсеви за царинското законодавство и царинските постапки**




**Курсевите се лесно разбирливи, претставени со дијалог на едноставни прашања и одговори**

## IV.4. Интегритет

### ИНТЕГРИТЕТ = ОТПОРНОСТ НА КОРУПЦИЈА

Најголем приоритет на Царинска управа е справувањето со корупцијата, преку неселективна борба против овој вид криминал. Преку системот за интегритет во царинската служба се имплементираат политики, стандарди и процедури за да ја зајакнат нејзината отпорност кон корупцијата и да го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени .

## Чекори за спречување на корупција и зајакнување на интегритетот на вработените:





# V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## V.1. Услови за спроведување на царинските формалности

Царинската управа постојано работи на унапредување и одржување на постојните, како и воведување на нови можости за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, следејќи ги најновите текови на дигиталната ера.

## V.2. е-Царина

### V.2.1. Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)

**СОЦДАД –<br>ЦЕЛОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА<br>ВО ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ**

Во ноември 2018 година во Царинската управа успешно беше финализиран развојот на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) кој целосно ќе го замени постојниот систем АСИКУДА. По завршување на развојот, тимот на Царинска управа продолжи со реализација на Пилот проект, во кој се вклучени 11 царински испостави. Конечното пуштање на СОЦДАД во употреба е планирано за месец јуни 2019 година.

Со воведување на СОЦДАД започнува нова, дигитална ера за царинското работење во нашата земја. Новиот систем ќе обезбеди безбедно, интероеперабилно електронско решение во согласност со стандардите на СЦО и ЕУ, целосно бесхартиена околина при спроведување на царинските и акцизните постапки преку размена на електронски податоци со економските оператори и другите државни институции, забрзување на царинските и акцизните постапки за економските оператори и целосна компатибилност со системите на ЕУ.



## СОЦДАД е комплексен систем, составен од 10 системи - модули, 4 подсистеми и повеќе системски елементи:






**ПОРТАЛОТ ЗА ТРГОВЦИ –** ПРИСТАП НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И ШПЕДИТЕРИТЕ ДО СОЦДАД



Спроведени се бројни обуки за бизнис заедницата за користење на СОЦДАД, и оваа активност ќе продолжи до конечното пуштање на системот во употреба.

СОЦДАД е интегриран систем кој комуницира со другите царински системи (ITE, EXIM) и системи на други институции.







Управувачки комитет и дел од тимот за имплементација на СОЦДАД



## V.2.2. EXIM

Електронскиот едношалтерски систем за издавање на увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM секоја година станува пософистициран и овозможува зголемена ефикасност во забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на неговите регистрирани корисници.

Пуштена е во функција нова верзија на системот EXIM, која е интегрирана со новиот Систем за обработка на декларации и акцизни документи (СОЦДАД) и системот Интегрираната тарифна околина (ИТО).

Воведена е нова функционалност за економските оператори: подготовка за пред-пристигнување (pre-arrival) (внесување, измена и дополнување) на барањата за дозволи во EXIM.

**17 регистрирани државни органи**

**60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти**

## V.2.3. Обработени царински декларации

Вкупно: 1.063.800 царински декларации (во 2017: 1.020.000), од кои:

- увоз (околу 45.40%) и
- транзит (околу 29.20%), по кои следи
- извозот (околу 22.63%) и
- повторен извоз (околу 2,77% од вкупно обработените декларации).

Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува 24.22%. Притоа, поедноставените постапки во извозот учествуваат со 42.33%, а во увозот со 15.20%.

# V.3. Овластен економски оператор

Програмата за Овластен економски оператор (ОЕО) во Република Северна Македонија има огромна улога во идното царинско опкружување. Предностите и придобивките од неговата примена Царинската управа ги промовираше на повеќе работилници организирани за запознавање на македонските компании и дополнително охрабрување за нивно адекватно вклучување во глобалниот синџир на снабдување и зголемување на извозот.

ОЕО е клучна активност што е предвидена во Повеќегодишниот акциски план за регионална економска интеграција на земјите од Западен Балкан усвоен на Самитот во Трст. Македонските компании се поттикнуваат да се одлучат за стекнување на статусот на Овластен економски оператор со цел да можат да се вклучат во регионалните синџири на снабдување во рамките на ЦЕФТА и да ги искористат придобивките и поволностите со можноста за взаемно признавање на одобрениот статус што ни претстои. Најголем предизвик за ЦЕФТА Секретаријатот е усвојување на правилата за меѓусебно признавање на ОЕО, на министерскиот состанок на ЦЕФТА.

Следејќи го овој план ни претстојат уште многу активности за исполнување на условите за взаемно признавање на одобренијата.



## ДОСЕГА ДВЕ КОМПАНИИ СЕ СТЕКНА СО СТАТУС ОЕО, А ВО 2019 ГОДИНА СЕ ОЧЕКУВА ОВОЈ БРОЈ ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ






## ПРОМОВИРАН КОНЦЕПТ ЗА ОЕО НА ПОВЕЌЕ ОД 300 КОМПАНИИ

## СО ОЕО МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА Е ПОБЕЗБЕДНА, ПОБРЗА, ПОЕФИКАСНА

## **ПОВОЛНОСТИ** на македонските компании со статус на ОЕО:

- полесен пристап до поедноставените царински постапки,
- приоритетен третман при спроведување на царинските контроли,
- намалување на времето на царинење на стоките,
- намалување на трошоците за увоз и извоз,
- намален број на физички и документарни контроли од царинските органи,
- избор на местото за контрола како и други директни и индиректни поволности,
- употреба на ОЕО лого,
- уживаат поволности во сите ЦЕФТА земји (по потпишување на Договори за взаемно признавање).



# VI. Наплатени приходи

Приходите се прикажани во милиони денари



# VII. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## VII.1. ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА



### ЗАШТИТА

Царинската управа ги штити државните граници преку идентифика ција и управување со ризици и закани. Даваме максимум ефикасно и ефективно да одговориме на зголемениот обем, разновидноста и софистицираноста на царинските и финасиските прекршоци.

Основата на нашата работа се стратешките и акционите планови кои претставуваат патоказ за тоа како им пристапуваме на ризиците и заканите со кои се соочуваме. Во суштина се потпираме на четири основни принципи: превенција, разузнавање, ефикасно поставување приоритети и ефективно партнерство и соработка со домашни и меѓународни партнери.



2018 година беше предизвик, но беше и многу продуктивна година за Царината.

### РЕЗУЛТАТИ

Начините на криење и прикривање на  нелегална и забранета стока стануваат сè посложени, поинвентивни и пософистицирани. За идентификација и откривање на ваквите случаи и соодветно насочување на нашите ресурси и активности за нивно сузбивање постојано користиме разузнавачки податоци и информации од спроведена анализа на ризик. За да обезедиме поголема сигурност на границата перманентно работиме на подобрување на методологиите и способностите врз основа на анализа на ризик. Нашата работа во 2018 година резултираше со:



# Нашата работа во 2018 година резултираше со:

## Откриени бројни случаи на нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во 2018 година Царинската управа имаше 16 успешни акции за спречување на шверц на наркотици, при што беа запленети над 1 тон марихуана, 9 кг хашиш, околу 3 кг кокаин и 15 грама хероин. Некои од позначајните случаи се дадени подолу:





309 килограми марихуана сокриена во вреќи со ориз



5550 килограми дрога запленети на ГП Богородица



2 кг кокаин запленети на Аеродромот во Скопје






На Богородица во специјален бункер во автомобил откриени 35 кг марихуана и 10 кг хашиш

## Спречен шверц на културно наследство





98 археолошки предмети беа откриени во мај 2018 година на граничниот премин Табановце

## Спречени обиди за неовластена трговија со лекови и медицински помагала

Во 2018 година спречени се 13 обиди на шверц на 41.786 парчиња лекови и медицински помагала. Меѓу нив:



- 34.500 таблети од лекот „Tamol", откриени на Меѓународниот аеродром Скопје пронајдени во багажот на патник;
- 3.580 таблети, 300 инсулински пенкала, 20 креми, 60 капсули, 400 ампули и 6 сетови лекови, откриени во прегради од надворешната страна на кабината на македонски камион, пријавени за влез во државата на граничниот премин Богородица;
- 500 анестезии, откриени при контрола на влез во државата на граничниот премин Ќафасан;
- 3.970 разни стоматолошки инструменти и материјали откриени при влез во државата на граничниот премин Богородица;



## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Минатата година, на граничните премини на државата, патниците пријавиле 11.996.059 евра, повеќето на влез во државата. Во просек се пријавувале по околу 1 милион евра месечно. Покрај регуларно пријавените девизи, царинските службеници во 2018 година спречија 32 обиди на нелегално пренесување на 308.730 евра, 31.500 американски долари, 32.300 швајцарски франци и 13.000 британски фунти.



80.000 евра, откриени на меѓународниот аеродром во Скопје при контрола на багаж на македонски државјанин во обид да патува за Истанбул.

35.000 евра, откриени и одземени од грчки државјанин кој пристигнал на граничниот премин Табановце во мај 2018 година.



13.000 британски фунти, откриени на меѓународниот аеродром Скопје при контрола на патните торби на косовски државјанин кој пристигнал со лет од Лондон.

## Откриени случаи на шверц на цигари и други тутунски производи

Во 2018 година спречени се 40 обиди на шверц на 345.042 парчиња цигари и други тутунски производи. Некои од најголемите заплени се:



430 штеки цигари на граничниот премин Богородица - излез од државата, при контрола на празен бугарски камион за превоз на возила, во специјално конструирани бункери во резервоарите за гориво.



155 штеки цигари Marlboro без акцизни маркички, откриени на меѓународниот аеродром Скопје при контрола на чекираниот багаж на македонски државјанин, кој имал намера да отпатува со лет за Лондон.



5 килограми тутун за наргиле и 4 килограми арома за наргиле откриени од страна на мобилните царински тимови, при контрола на патните торби на македонски државјанин кој пристигнал на меѓународниот аеродром Скопје од Истанбул.

## Спречени обиди за шверц на злато, сребро и скапоцени камења

Царинските службеници во 2018 година открија 6 обиди за шверц на 9 кг сребро во гранули и над 2 кг златен накит. Повеќето случаи се откриени на меѓународниот аеродром Скопје.



9 килограми сребро во гранули, сместени во платнена торбичка, се пронајдени при контрола на патната торба на македонски државјанин кој пристигнал со лет од Истанбул.



30 парчиња златен накит (прстени, нараквици, синџири, обетки и медаљон) со вкупна маса од 230 грама, 1 златна пара од 8 грама пронајдена при проверка на багажот и личен претрес на албански државјанин кој допатувал од Стокхолм.



973 скапоцени камења се пронајдени во џебовите на турски државјанин кој допатувал од Истанбул на меѓународниот аеродром Скопје.



Поголема количина накит од бело злато во комбинација со голем број брилијанти кој според извршеното вештачење е со вредност од околу 450 илјади евра, пронајден при контрола на багажот на турска државјанка која пристигнала од Истанбул.



10 нараквици од 22-каратно злато (276 грама) откриени при контрола на македонски автобус што сообраќал на релација Истанбул – Охрид кој пристигнал пријавен за влез во државата на граничниот премин Богородица. Непријавените златни нараквици биле пронајдени завиткани во чорап, сместени во рачна чанта на австралиска државјанка со македонско потекло, која патувала со автобусот.

## Спречени случаи на шверц на храна и пијалоци

- Во 2018 година, царинските службеници спречија шверц на 735 шишиња алхохол и 4.565 килограми и 109.411 парчиња прехранбени производи.
- 4.200 килограми замрзнат пилешки стек, откриен од страна на мобилните царински тимови, при контрола на македонски камион управуван од македонски државјанин пријавен за излез од државата на граничниот премин Богородица
- 240 литри домашна ракија и 30 литри домашно вино, откриени од страна на мобилните царински тимови
- 30,6 килограми охридска пастрмка и 10 рибарски мрежи од 100 метри





## Откриени случаи на шверц на луксузна стока

- Во 2018 година спречени се обиди на шверц околу 5000 парчиња луксузна стока: облека, модни додатоци, козметика.
- 155 парфеми од 50 ml и 12 сетови од дезодоранс и парфем, откриени на меѓународниот аеродром Скопје, при контрола на багажот на македонски државјанин, кој пристигнал од Истанбул.
- 32 парчиња рачни часовници, 112 парчиња наочари за сонце, 25 парчиња ремени и 18 парчиња паричници. Непријавената стока била сокриена во резервната гума.
- 43 парфеми и тоалетни води, 16 фустани, 23 пара обувки, 3 машки ремени и 1 пар очила за сонце, откриени во два одвоени случаи на меѓународниот аеродром Скопје, при контрола на патните торби на двајца македонски државјани, пријавени за влез во државата.
- 1 рачен часовник ROLEX откриен при контрола на багажот на германски државјанин со потекло од Република Северна Македонија, кој пристигнал од Белград.
- 40 женски крзнени бунди, откриени при контрола на романски автомобил, со кој за влез во државата на граничниот премин Богородица се пријавиле двајца романски државјани.

## Откриени обиди за нелегална трговија со оружје

- 4 аир софт пушки, 2 пригушувачи и 3 дијаболи за нив, откриени при контрола на македонски автомобил, пријавени за влез на граничниот премин Табановце автопат. Непријавените пушки, пригушувачи и муниција се пронајдени во кутија сокриена во резервната гума и под патосницата.
- 1 гасен пиштол EKOL Aras Magnum со калибар 9 mm и 50 парчиња муниција за гасен пиштол марка IRON калибар 9 mm P.A.K.

## VII.2. Заштита на права од интелектуална сопственост

Во 58 акции во 2018 година привремено се задржани 175.750 парчиња и 2.506 килограми стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.
Врз основа на потврдената повреда на правата од интелектуална сопственост, под царински надзор беа уништени 85.712 парчиња фалсификувани производи (шампони, футроли за мобилни телефони, играчки, тренерки, влечки, чорапи, детски и друга облека итн.).

## VII.3. Царинска лабораторија

**Земени 81 мостра за анализа** → **Утврдени 13 случаи на несоодветно тарифно распоредување** → **Дополнително наплатени околу 8,8 милиони денари**

Во 2018 година набавена е **нова опрема за Царинската лабораторија** од европски фонд (ИПА проектот) и од буџетски средства. Опремата е наменета за анализа на акцизни стоки (алкохол и алкохолни производи, нафта и нафтени деривати), производи на хемиската индустрија и други стоки кои се контролираат од аспект на избегнати давачки или подлежат на забрани или ограничувања. Опремата е услов за акредитација согласно стандардот ИСО 17025.



Во рамки на твининг проектот "Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската управа" развиени се три лабораториски методи:

- метода за одредување на ниска содржина на сулфур во нафтени деривати,
- одредување на содржина на ФАМЕ во биодизел и Kjeldahl-метода за одредување на протеини во прехранбени производи.
- валидација на новите методи е во тек.

## Поднесени 44 кривични пријави против 55 физички и 15 правни лица

Структурата на кривични дела е разновидна, а најчесто станува збор за криумчарење (17 случаи), неовластено производсво и промет со наркотици (8 случаи), фалсификување документација (8 случаи) кршење на права од интелектуална сопственост (7 случаи), даночна измама (1 случај) и др.

## Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во 2018 година:

**поднесени се 681 прекршочна пријава**

(638 за царински прекршок, 29 за девизни прекршоци и 14 за акцизни прекршоци). Од вкупно поднесените пријави 409 се однесуваат на физички и 272 на правни лица.

**решени се 50 прекршочни предмети**

и притоа на сторителите им е изречена глоба во износ од околу 34 милиони денари.

**изречени 1.953 мандатни казни**

против 1.104 физички лица и 849 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 73 милиони денари

## VII.5. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ

Царинската управа учествуваше во 12 меѓународни операции, организирани од Светската царинска организација, Европол, Интерпол, Фронтекс, Регионалните разузнавачки канцеларии за врска (RILO AP, RILO ECE), СЕЛЕК итн.

Во рамки на воспоставената соработка со меѓународни организации за спроведување на законот, Царинската управа внесе во CEN  базата податоци за 59 заплени, достави 60 информации за запленета стока до SELEC центарот, 13 информации за заплена на дрога до ZKA Балкан инфо  и 4 информации за заплена во „Container-com" комуникацискиот систем на СЦО.

# VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## VIII.1. Односи со јавноста

Царинската управа континуирано ја унапредува транспарентноста како еден од најдобрите начини за спречување на корупцијата, но и градење на добри односи со сите целни групи и создавање на поволен публицитет во јавноста.

CEN – Customs Enforcement Network (Царинска мрежа на податоци за спречување на криминалот)
Balkan Route Data Collection and Dissemination System (Balkan Info) – Систем за собирање и дистрибуција на податоци за Балканската рута (Балкан Инфо), координиран од Германската служба за царински криминал (ZKA)

# VIII.1.1. Позначајни настани



По повод **26 јануари – Меѓународниот ден на Царината**, кој во 2018 година се одбележа под мотото „Сигурно деловно окружување за економски развој", директорот на Царинската управа, на четворица царински службеници им додели пофалници од Кунио Микурија, Генерален секретар на СЦО.



МКД

СЕРТИФИКАТ

ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Царинската управа во 2013 година се стекна со ISO 9001:2008 сертификат за управување со квалитет. Посветеноста кон квалитетот, корисниците и клиентите низ годините доведе до усовршување на процесите и постапките што **резултираше со добивање на меѓународниот стандард ISO 9001:2015.**



**На 14-ти април – Денот на Царината**, Царинска управа одбележа 26 години од своето постоење како самостоен државен орган. По тој повод, на 11 април 2018 година, во Музејот на современа уметност во Скопје, се одржа свечена церемонијана на која присуствуваа високи претставници на државата, владата, министерствата, дипломатскиот кор, претставници на науката и бизнис заедницата, Колегиумот на Царинската управа и други соработници и пријатели на Царинската управа.



По повод одбележувањето на 14-ти април – Денот на Царинската управа, се организираа три кампањи: **„Стоп за фалсификуваните производи“, „Пријавете корупција“ и „Не биди муле“** со цел подигнување на јавната свест на граѓаните во борбата против фалсификатите, корупцијата и штетните последици од трговијата со дрога.

Царинската управа на Република Северна Македонија во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологија, во 2018 година ја реализираше традиционалната крводарителска акција, во рамки на програмата за општествена одговорност при одбележување на Царинскиот празник.



На 30 мај 2018 година беше пуштен во употреба новиот царински терминал на граничниот премин Табановце. Надградбата на терминалот, финансиран од Европската унија овозможи олеснување на прекуграничната трговија долж Коридорот 10 и спроведување на царинските постапки во модерни капацитети.

## VIII.1.2. Меѓународна соработка

Соработка со Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност при Амбасадата на САД

Во 2018 година во повеќе наврати, Програмата за контрола на извоз и гранична безбедност (EXBS) на Владата на САД обезбеди помош и поддршка за севкупното царинско работење, преку донирање на оперативна опрема, како и специјализирани обуки за стручна подготовка на царинските работници.

- На 12 февруари донирана беше опрема со вредност од околу 18 илјади американски долари (систем за контрола со видеоскоп, инструменти за мерење на густина и рачен алат).
- Во периодот од 26 до 28 февруари 2018 година, се одржа Обука за зајакнување на вештините за набљудување на однесувањето (бихејвиористичка опсервација) наменета за 24 царински и полициски службеници.
- Во период 26 и 27 март 2018 година царински службеници имаа чест да одржат обука за ракување со специфична опрема за колегите од царинската администрација на Косово. За својот труд обучувачите беа одликувани со благодарница и значка од Програмата за контрола на извоз и гранична безбедност.
- На 29 мај 2018 година пушти во употреба нов систем за откривање на наркотици и експлозиви. Покрај донацијата, Програмата обезбеди и обука за оператори на системот за 10 македонски царински службеници.
- На 13 декември 2018 година, во Министерството за внатрешни работи, свечено беше предадена донација на опрема и возила. Донацијата вредна 500.000 долари се состои од 2 специјални комбиња со мобилна опрема за откривање на радијација.

## VIII.2.2. Билатерални средби

- На 5 април 2018 година во Корча се одржа билатерална средба помеѓу делегации на Царинските управи на Република Северна Македонија и Република Албанија. Состанокот на делегациите предводени од директорите на двете служби се одржа во насока на зајакнување на соработката помеѓу двете земји.

- Делегација на Царинската управа, предводена од директорот, на 4 и 5 јуни 2018 година оствари работна посета на Царинската управа на Република Хрватска.



# Неформален регионален состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан

Во период од 11 до 12 јуни 2018 година, директорот на Царинската управа учествуваше на неформален регионален Состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан, што се одржа во Република Албанија.



# Проект за заедничко гранично управување помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија

На 2 септември 2018 година, на граничниот премин Табановце-Прешево од страна на г-дин Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и г-дин Александар Вучиќ, претседател на Република Србија, беше најавен почетокот на имплементацијата на Проектот за заедничко гранично управување „One Stop Shop“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија.



„One stop shop“ е најголемата потврда за посветената работа на овој проект, што Царинската управа го имаше таргетирано како една од поважните стратешки цели.

## Царинската управа домаќин на 4-от Состанок на Работната група за соработка во олеснување на царинењето помеѓу Кина, Унгарија, Србија и Северна Македонија

Во период од 5 до 6 септември 2018 година, Царинската управа на Република Северна Македонија беше домаќин на 4-от состанок на работната група за имплементација на Рамковната спогодба за соработка во олеснување на царинењето помеѓу Царинските управи на Кина, Унгарија, Србија и Северна Македонија.



## VIII.3.2. Соработка со бизнис заедницата

Во насока на зајакнување на соработката со сите економски чинители, но и олеснување на царинските постапки, во 2018 година одржани беа повеќе работни состаноци со сите страни учесници во царинските постапки:

- 3 состаноци на Советодавното тело на кои се разгледаа повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење, како и барањата на деловната заедница.

- На 27 февруари 2018 година, се одржа работен состанок со претставници на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија. На состанокот се дискутираше за предизвиците со кои што членките на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија се соочуваат при секојдневните царински постапки.

- На 30 март 2018 година, се одржа работна средба со производителите и увозниците на алкохолни пијалаци, со цел запознавање со одредбите од новиот предлог Закон за акцизи. На средбата компаниите се запознаа со одредбите кои се предлагаат со новиот предлог Закон за акцизи.

- На 10 октомври 2018 година во Царинска управа се одржа средба – отворен ден со учесниците во царинската постапка (увозници, извозници, застапници, шпедитери, производители и транспортери). Соработката со деловната заедница е клучен фактор за градење на доверба, промовирање на доброто владеење и забрзувањето и поедноставувањето на царинските постапки.

- На 16 октомври 2018 година во Скопје, Царинската управа на Република Северна Македонија и Македонско турска стопанска комора (МАТТО) одржаа работилница на која беа презентирани актуелни теми и новитети од областа на царинското работење.

## VIII.3.3. Промоција на концептот Овластен економски оператор

Во насока на градење на партнерски односи помеѓу носителите на политиките – Владата, Министерството за финансии, Царинската управа и претставниците на приватниот сектор што учествуваат во царинското работење и логистичкиот бизнис, во 2018 година одржани беа 5 работилници за промоција на концептот Овластен економски оператор. Работилниците во организација на Царинската управа во соработка со Проектот за УСАИД за регионален економски раст, се одржаа во Скопје, Струмица и Охрид.

Царинската управа партнерството со деловната заедниц го остварува преку работата на Советодавното тело, во кое освен Царинската управа членуваат Стопанска комора на Република Македонија, Сојуз на стопански комори на Република Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Американска стопанска комора во Република Македонија, СИЗ „Македонија сообраќај" АМЕРИТ, Групација на шпедитери и логистички оператори – МИФА, Текстилно трговско здружение – Текстилен кластер, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, Холандска стопанска комора, Македонско Бугарска стопанска комора, Унија на Германски комори за индустрија и трговија – Претставништво Скопје, Стопанска комора на Македонија – Турција и Здружение на кожарско-преработувачка индустрија.

## VIII.3.4. Потпишани меморандуми за соработка

- На 19 април 2018 година директорот на Царинската управа и ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип потпишаа меморандум за соработка. Инкорпорирањето на стручното и научно мислење при дефинирање и спроведување на политиките на Царинската управа, претставува битен сегмент од соработката со високообразовните институции. На овој начин се обезбедува успешно спроведување на економските политики и олеснување на трговијата.

- На 16 мај 2018 година, се потпиша меморандуми за соработка со Регионален центар за животна средина за Централна и Источна Европа – Канцеларија во Македонија (REC COM). Целта на Меморандумот е воспоставување соработка помеѓу Царинската управа и REC COM за развивање на методологија за пресметување на данок на возилата, која ќе се користи при изработката на Предлог Законот за оданочување на возила.

- На 16 мај 2018 година, потпишан е меморандум за соработка со друштвото ТДР Скопје ДООЕЛ Скопје како член на групацијата „British American Tobacco". Со овој меморандум се уредува постапката помеѓу и надлежностите на договорните страни со цел борба против сузбивање на криумчарењето и нелегалната трговија со тутунски производи и заштита од повреда на правата за интелектуална сопственост, односно спречување на фалсификување на цигари и други тутунски производи од трговските марки чии носители на правата се друштвата членови на групацијата „British American Tobacco".

- На 25 јули 2018 година потпишани се меморандуми за соработка со Асоцијацијата за е-Трговија на Република Северна Македонија и „ДХЛ Експрес Македонија". Меморандумите за соработка се потврда дека Царинската управа се води од заеднички принципи на постапување и делување, разбирање на партнерите. Притоа ги зема предвид предностите и современите текови на електронската трговија која ги вклучува сите трансакции реализирани од далечина, со користење на електронски или дигитални платформи.

- Директорот на Царинската управа и директорот на Бирото за јавна безбедност, на 14 мај потпишаа нов Протокол за уредување на постапките за побрз проток на жива стока, стока во жива состојба, опасни материи, стока во новиот компјутерски транзитен систем и на празни камиони на граничните премини Табановце и Богородица. Овој протокол е од исклучително значење за извозот на македонските земјоделско – прехранбени производи.

## VIII.4. Интернет




Во 2018 година на веб страната на Царинската управа се објавени вкупно 392 содржини на македонски, албански и англиски јазик. Во периодот јануари - декември страната е посетена 1.000.195 пати, а најпосетени се рубриките: „Вести“ (236.217 посети), „Царинска тарифа“ (21.583 посети), „Нов компјутеризиран транзитен систем – NCTS“ (21.060 посети) и „Контакти“ (8.332 посети).

## VIII.5. Отворена царинска телефонска линија (197)




На отворената царинска телефонска линија (197) во 2018 година добиени се вкупно 5.924 повици или во просек 16 повици на ден и тоа: „А“ класа – 17 повици, „Б“ класа – 18 повици, „С“ класа – 365 повици и „Ј“ класа – 32 повици. Најголем број се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одделни царински постапки.

„А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.
„Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа.
„С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
„Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.





**ИЗДАВАЧ:**
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ 13, 1000 СКОПЈЕ

WWW.CUSTOMS.GOV.MK

**ДИЗАЈН:**
АНДРЕА ШИМБОВ

**ПЕЧАТЕЊЕ:**
ПРО ГРАФИКА

**ТИРАЖ:**
150